ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 5 од Законот за трговски друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот бр.0201-3562/8-1 од 23.04.2019 година на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 9 од работниот дел од дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2020 година бр.02-2585/2-1 од 10.04.2021 година, акционерите на Друштвото на **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2020 година** одржано ден на **10.05.2021 година,** ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**За усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Друштвото за деловната 2020 година, во текст и содржина кој е составен дел на оваа Одлука.
2. Собранието на Друштвото ја одборува работата на:
   - **Г-дин Габор Лехел, како Претседател;**
   - **Г-дин Андреја Јосифовски, како член**;
   - **Г-дин Филип Бардас, како член;**
   - **Г-дин Реинхард Гојер, како член;**
3. За одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор акционерите гласаа поединечно за секој член од одборот.
4. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
5. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

______________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk